# Закон за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје

**Член 1**

Во Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ број 22/10, 136/11, 144/14 и 149/15), во членот 33 став (2) по зборот „содржина“ се става запирка и се додаваат зборовите: „како и потребната документација“, а точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.“.

**Член 2**

Членот 33-а се брише.

**Член 3**

По членот 44 се додава нов член 44-а, кој гласи:

„Член 44-а

Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во Министерството за здравство кое нема да издаде дозвола, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата во рокот од членот 33 став (3) од овој закон.“.

**Член 4**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).